УДК323.1(497.7+497.1:=18)"19"
32-05Црвенковски, К.

Невен Радически
Институт за национална историја, Скопје
neven.radiceski@gmail.com

# ГЛЕДИШТАТА НА КРСТЕ ЦРВЕНКОВСКИ ЗА АЛБАНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА

*Апстракт.* – Во својата долгогодишна и богата политичка кариера, како и во подоцнежниот дел од животот, видниот македонски и југословенски функционер Крсте Црвенковски, меѓу другото, ги истакувал и своите видувања во однос на меѓунационалните односи во Југословенската Федерација. Во таа смисла, со оглед на бројноста на албанското население во Македонија и на Косово, посебно внимание обрнувал и на албанското прашање.

*Клучни зборови.* – Крсте Црвенковски, албанско прашање, меѓунационални односи, Македонија, Југославија, Косово.

Во периодот кога современата македонска држава била во составот на Авнојска Југославија, меѓу истакнатите личности во југословенската, и посебно, во македонската политика, без сомнение, се вбројувал и Крсте Црвенковски.[1] Како вршител на повеќе високи партиски и држав-

[1] Крсте Црвенковски е роден во Прилеп во 1921 год. Се вклучил во политиката уште во периодот пред Втората светска војна. Учествувал во Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија (НОАВМ), бил носител партизанска споменица 1941, а за народен херој бил прогласен во 1953 година. Членувал во Сојузот на комунистичката младина на Југославија (СКОЈ) од 1935, а во Комунистичката партија на Југославија (КПЈ) од 1939 год. Непосредно учествувал во подготовките за оружена борба против бугарските власти во Прилеп. Назначен е за политички комесар на прилепскиот Народноослободителен партизански одред „Гоце Делчев“ во 1941 год. По директива на Покраинскиот комитет (ПК) на КПЈ за Македонија, од

ни функции од републичко и од сојузно значење, К. Црвенковски активно учествувал во политичкиот живот и имал значителен придонес во афирмирањето и во истакнувањето на македонските национални, политички, културни и економски интереси.

Наедно, К. Црвенковски се вбројувал и меѓу југословенските, односно македонските политичари, кои, поради заложбите за демократизација на општествено-политичките и економските односи, за меѓунационална рамноправност, како и за поголема републичка самостојност во однос на Југословенската Федерација, биле отстранети од политичкиот живот во првата половина на 70-те години на XX век, и биле обвинувани за национализам, за сепаратизам, за либерализам и за скршнување од она што врвот во СКЈ го сметал за идеолошки исправно и пожелно.

К. Црвенковски честопати бил критикуван и поради своите сфаќања за правата на националните малцинства, посебно во однос на албанското, кои подоцна послужиле како уште еден повод за негова политичка изолација. Сепак, тие, независно од нивната (не)издржаност, претставувале произлез како од личните искуства во текот на НОАВМ, така и од неговата повоена политичка дејност и биле резултат на тогашните состојби во меѓунационалните односи во Македонија, односно во Југословенската Федерација.

крајот на 1941 до септември 1942 год. бил на партиска работа во западниот дел на Македонија кој се наоѓал под италијанска окупација. Бил член и секретар на Окружниот комитет во Тетово. Уапсен од окупаторските власти, во 1942 год. бил спроведен во затвор во Тирана, од каде побегнал во 1943 год. Се вратил во западна Македонија и станал секретар на Првиот областен комитет. По капитулацијата на Италија, бил назначен за организационен секретар на ПК на СКОЈ за Македонија, а од јуни 1944 год. е поставен за заменик политички комесар на Првата македонска бригада. По ослободувањето вршел различни политички функции во Македонија и во Југословенската Федерација. Бил член на ЦК на Комунистичка партија на Македонија (во 1953 год. преименувана во Сојуз на комунисти на Македонија - СКМ) и на ЦК на КПЈ (во 1952 преименувана во Сојуз на комунисти на Југославија - СКЈ), Секретар на Секретаријатот за образование и култура во Сојузниот извршен совет, политички секретар на ЦК на СКМ (1963–1969) и член на Извршното биро (ИБ) на ЦК на СКЈ, избран на IX Конгрес на СКЈ, пратеник во Собранието на Социјалитичка Република Македонија (СРМ) и Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ) во повеќе свикувања, член Претседателството на СФРЈ (1971–1974) и негов потпретседател (1971–1972). Залагањата на Крсте Црвенковски за демократизација на СКЈ и за поголема републичка и национална рамноправност, довеле до обвинувања за национализам, либерализам и негово истиснување од политичката сцена во седумдесеттите години на XX век. Објавил неколку дела со мемоарска и со публицистичка содржина. Починал во Скопје во 2001 год.

Во своите сеќавања за учеството на Албанците во Народноослободителното движење (НОД), во текот на Втората светска војна, К. Црвенковски се осврнува на испраќањето на еден од најистакнатите учесници во НОАВМ, Кузман Јосифовски-Питу, кон крајот на 1941 година во западниот дел од Македонија од страна на ПК на КПЈ за Македонија, со задача, врз принципите на братството и единството, да вклучи што поголем дел од тамошното македонско, албанско и турско население во антифашистичкиот отпор, при што во наредната година се придружува и самиот тој.[2] Во овој период добрите односи меѓу КПЈ и Комунистичката партија на Албанија (КПА) придонесле за побрзо воспоставување контакти и за олеснување на комуникацијата со Албанците кои биле дел од НОД.[3] Дел од пропагандната активност на КП во овој дел на Македонија, во која бил вклучен и К. Црвенковски, било печатењето на весникот „Братство", преку кој, во духот на комунистичкиот интернационализам, биле правени напори за придобивање на Албанците за омасовување на антифашистичкото движење, но со исклучок на населението во Дебар, без посебен успех.[4] Како секретар на ОК во Тетово, К. Црвенковски добил задача да стапи во контакт со ЦК на КПА, при што имал средба и со водачот на албанските комунисти Енвер Хоџа.[5]

Подоцна, во текот на септември 1942 година бил уапсен и одведен во криминално-политичкиот затвор во Тирана, Албанија, каде што, покрај другите политички затореници, се наоѓал и видниот албански комунист, Кочи Ѕосе.[6] Во 1943 година, заедно со други затвореници успеал да побегне од затворот. К. Црвенковски истакнал дека по извлекувањето од затворот, неговото враќање до Дебар во текот на април-мај 1943 година, било реализирано најмногу со помош од Албанци од Македонија, а наедно ја нагласил и значителната улога што дел од албанското население ја имало во НОД, како јатаци, курири, но и како активни учесници во борбата против фашистичкиот окупатор[7] и против Balli Kombëtar.[8] Дејноста во западниот дел од Македонија во текот на НОАВМ, овоз-

[2] Црвенковски и Томовски, 2003, 579.

[3] Ibidem, 51.

[4] Ibidem.

[5] Ibidem, 52.

[6] Ibidem, 54.

[7] Ibidem, 580.

[8] Balli Kombëtar (Национален фронт) претставувала албанска националистичка и профашистичка организација, формирана во 1942 год., чии единици во сојуз со италијанските и ѕо германските воени сили, во името на „Голема Албанија", дејствувале против НОД и го тероризирале неалбанското население во Македонија, на Ко-

можила К. Црвенковски подобро да се запознае со состојбата на Албанците на тие простори, што, бездруго, влијаело и врз неговите ставови во периодот по ослободувањето.

Апсењето, затворањето, и посебно, бегството на К. Црвенковски од затворот, подоцна претставувале повод, тој да биде сомничен за соработка со албанските разузнавачки служби.[9] Информациите за негово врбување од страна на разузнавачки служби никогаш не биле поткрепени со какви било докази.

Со оглед на тоа што по ослободувањето и во Југословенската Федерација и во Народна Република Албанија (НР Албанија) на власт дошле комунистите, двете држави воспоставиле и развивале срдечни односи, посебно до 1947 година. Соседската идила, сепак, завршила откако Сојузот на Советските Социјалистички Републики (СССР) и другите држави од источниот блок ги прекинале односите со Југословенската Федерација во 1948 година, при што албанскиот државен врв го следел нивниот пример.[10]

По ослободувањето албанското прашање, односно положбата на Албанците во Македонија, како и во другите делови од Југословенската Федерација, зависела од надворешнополитичките и од внатрешнополитичките состојби.[11]

---

сово, во Црна Гора и во Грција. Нејзините единици биле разбиени во текот на 1945 год.

[9] Црвенковски и Томовски, 2003, 57–58.

[10] На предлог на СССР, во септември 1947 год. во Полска било формирано Информативното биро на комунистичките и на работничките партии (ИБ) во кое се вклучиле комунистички партии од европските држави. ИБ требало да послужи како инструмент за градење единство на комунистичките партии, но послужило како едно од средствата на советското раководство, односно на советскиот лидер Јосиф Висарионович Сталин за контролирање на комунистичките партии и на државите од источниот блок. Одбивањето на раководството на КПЈ на чело со Јосип Броз Тито во целост да се прилагоди на советските интереси, довело до прекин на односите на меѓу Југословенската Федерација со СССР и со партиите, односно државите кои биле дел од ИБ, а раководството на КПЈ било обвинето за предавство и за идеолошка недоследност. Иако КПА тогаш не била членка на ИБ, сепак, НР Албанија, односно албанските комунисти предводени од Енвер Хоџа се придружиле во осудата и во изолацијата на КПЈ и на Југословенската Федерација.

[11] Периодот од 1948 до 1953 год. изобилувал со политички провокации, уфрлања на албански диверзантски групи и агенти на југословенска територија, како и со инциденти на југословенско-албанската граница, што резултирало и со човечки жртви. (Животић, 2011, 346–356.) Извесна нормализација на односите имало од починувањето на Ј. В. Сталин во 1953 год. до југословенската осуда на воената интервенција

Меѓунационалните односи во Југословенската Федерација првпат по Втората светска војна биле јавно разгледани на VIII Конгрес на СКЈ, одржан во Белград од 7 до 13 декември 1964 година. На него било оценето дека независно од тоа што националните прашања комунистите ги „решиле“ уште пред Втората светска војна, бил неопходен нивен натамошен развој.[12] Произлезот на кризата во меѓунационалните односи, Ј.

---

на СССР во НР Унгарија во 1956 год., како и во периодот од 1968 до 1974 год. (Ibidem, 677.). Раководството на НР Албанија настојувало да ја реализира идејата за „Голема Албанија“, при што се надевала дека југословенско-советскиот идеолошки судир би можел да доведе до таков развој на настаните. (Ibidem, 711.). Сè до падот на комунистичките власти во Југословенската Федерација и во Албанија, односно до распаѓањето на Југославија, односите меѓу овие две држави се одликувале со тензичност. Што се однесува до внатрешнополитичките состојби, во втората половина на четириесеттите и речиси до крајот на педесеттите години на XX век, поопстојни анализи на меѓунационалните односи во југословенското државно и партиско раководство биле главно избегнувани, поради загриженоста од актуелизирање на меѓунационалната нетрпеливост каква што неретко имало во текот на Втората светска војна (Bilandžić, 1999, 396.) Покрај тоа, југословенското раководство или барем дел од него, навистина било убедено дека националните прашања се правилно решени со социјалистичкото уредување (Ibidem, 397), и со усвоените уставни и законски акти. Во сообразност со ленинистичко-сталинистичките теории за изумирањето на нациите, кои биле сметани за производ на капитализмот, со развојот на социјализмот нивното исчезнување било оценувано како неминовно (Ibidem, 229), па во партиската политика на националното прашање не му се придавало крупно значење. Сепак, игнорирањето на проблемите во меѓунационалните и во меѓурепубличките односи не направило тие да исчезнат. Всушност, различните нивоа на економска развиеност на републиките и на автономните единици, различните национални, културни и верски обележја на нивните народи, како и присуството на бројните национални малцинства, претставувале плодна почва за политички и меѓуетнички тензии. Освен КПЈ/СКЈ која се обидувала и која, впрочем, успеала да се наметне како обединувачки фактор во Авнојска Југославија, во зачувувањето на територијалниот интегритет на федерацијата и во одржувањето на нововоспоставените односи исклучително важен, кохезионен фактор претставувале и Југословенската народна армија (ЈНА) и Одделението за заштита на народот (ОЗН), во 1945 год. преименувано во Управа за државна безбедност (УДБ), а во 1966 год. во Служба за државна безбедност (СДБ). ЈНА, како единствена воена сила во државата, се наоѓала под непосредното раководство на Ј. Б. Тито, додека УДБ, со која раководел Александар Ранковиќ, претставувала моќен и сеприсутен државен, но и партиски инструмент, познат по репресивноста. Централна фигура во Федерацијата, сепак, претставувал Ј. Б. Тито, кој имал исклучително влијание врз севкупните општествени, политички и економски односи, па со тоа, и врз меѓурепубличките и врз меѓунационалните односи. (Ibidem, 227.)

[12] *Осми конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија,* 1964, 53–55.

Б. Тито го посочил во нееднаквата економска и културна развиеност на републиките и покраините и, посебно, во централистичките, односно во бирократско–етатистичките тенденции,[13] додека Едвард Кардељ, еден од водечките југословенски политичари и идеолози, се заложил за нивно надминување преку засилената сестрана меѓусебна помош и поддршка на републиките, од една, и преку јакнењето на нивната национална економска самостојност од друга страна.[14]

Сепак, веројатно најзначајна пресвртница во однос на меѓунационалните и републичките односи претставувале последиците од IV Седница на ЦК на СКЈ, одржана на 1 јули 1966 година на островот Бриони на Јадранското Море.[15] На седницата била критикувана и осудена работата на СДБ, како и дејноста на А. Ранковиќ и на други истакнати нејзини припадници. Претходно формираната партиска Комисија за испитување на злоупотребите во работата на СДБ, со која раководел токму К. Црвенковски, подготвила Извештај во кој ги утврдила неправилностите, при што, ги истакнала, затвореноста на СДБ, непостоењето контрола над нејзината работа од страна на  извршната власт, како и монополот што одредени поединци, пред сѐ Ранковиќ и неговите блиски соработници, го воспоставиле во управувањето со службата.[16] Меѓу позначајните предлози на Комисијата биле реорганизација на СДБ и прифаќање на оставките понудени од А. Ранковиќ.[17] IV Седница на ЦК на СКЈ го означила крајот на политичката кариера на А. Ранковиќ, еден од најугледните српски и југословенски функционери, кој долго време бил најблизок соработник на Ј. Б. Тито, а наедно важел и за најекспониран претставник на конзервативниот, централистички ориентиран дел од раководството

---

[13] Ibidem.

[14] Ibidem, 149–150.

[15] На седницата ѝ претходела седница на Извршниот комитет (ИК) на ЦК на СКЈ, одржана на 16 јуни 1966 год. во Белград. Повод за свикување на седницата било откривањето средства за неовластено прислушување во кабинетот на Ј. Б. Тито, и во работните, односно домашните простории на други југословенски функционери, од страна на УДБ, за што бил осомничен А. Ранковиќ нејзиниот поранешен раководител (до 1953 год.) кој и потоа имал големо влијание врз СДБ. Тој бил обвинет за злоупотреба на функцијата, за пречекорување на овластувањата, за борба за власт, за противење на реформите предвидени со VIII Конгрес на СКЈ итн. Изненаден од поводот и од текот на седницата, А. Ранковиќ понудил оставка на сите функции кои ги извршувал во моментот, меѓу кои најзначајни биле секретар на ЦК на СКЈ, член на ИК на ЦК на СКЈ, потпретседател на Републиката, и др. Пиљак, 2010, 74–82.

[16] Марјановић, 2002., 138.

[17] Ibidem, 143–144.

на СКЈ кој се противел на процесот на демократизација во партијата и во државата. На седницата било донесено решение за реформа на Сојузот на комунистите, со цел да се забрза спроведувањето на одлуките и решенијата донесени на VIII Конгрес на СКЈ, за кои било утврдено дека не се одвивале со предвидената динамика. ЦК на СКЈ се заложил за поголема демократизација на односите во СКЈ, за спротивставување на бирократско-централистичките појави во општествено-економските односи, и за поактивно учество на членството на СКЈ во политичките односи. Со тоа биле создадени услови за посамостојно функционирање на републичките раководства и за поправична застапеност на републиките во сојузните партиски и државни органи, врз паритетна основа. Притоа била формирана и повеќечлена *Комисија за реорганизација и натамошен развој на СКЈ*, задолжена за изнаоѓање на соодветни решенија и мерки за успешно преструктуирање на Сојузот на комунистите.[18]

Решенијата донесени на IV Седница на ЦК на СКЈ придонесле за извесна демократизација на општеството и, барем привремено, и за јакнење на реформската струја во СКЈ која во наредниот период ја презела иницијативата во политиката. Исто така, тие предизвикале големи раздвижувања во општеството и во меѓунационалните односи во Југословенската Федерација, кои еруптирале набрзо по слабеењето на централистичките стремежи и на контролата на органите за внатрешна безбедност.[19]

На 14 и 15 септември 1966 година била одржана VI Седница на ЦК на СК на Србија (СКС), при што учесниците го осудиле начинот на работа на СДБ, при што посебно внимание било посветено и на неправилностите и пречекорувањата на овластувањата на СДБ на Косово каде што Албанците биле мнозинство, по што едногласно бил прифатен предлогот за исклучување на А. Ранковиќ од партијата[20].

Нешто подоцна, на 21 септември 1966 година, К. Црвенковски во интервјуто за полскиот весник „Политика“, се осврнал кон одлуките донесени на IV Седница на ЦК на СКЈ и на VI Седница на ЦК на СКС. Според К. Црвенковски, извештајот на Комисијата за испитување на злоупотребите во работата на СДБ освен што означувал „ликвидација на една конзервативна група“, претставувал и „остра критика на Централниот комитет и на неговиот метод“ , односно „критика на партијата, на неј-

[18] Bilandžić, 1979, 323.

[19] Радически, 2013, 29.

[20] Petranović i Zečević, 1988, 954.

зината досегашна филозофија во некои области во политиката“.[21] Во однос на VI Седница на ЦК на СКС истакнал дека положбата на Албанците во Автономната Покраина Косово и Метохија (АПКиМ), намерно не била разгледана на IV Седница на ЦК на СКЈ, за да им се овозможи на српските комунисти сами да се изјаснат за постапките на СДБ кон албанското население во покраината.[22] К. Црвенковски во пречекорувањето на овластувањата на службата кога станувало збор за АПКиМ препознал „тенденција за доминација во име на една, најбројна нација, во случајот српската“.[23]

Во текот на март 1968 година, на XIV Седница на ЦК на СКМ, К. Црвенковски ги поддржал Албанците во нивното барање да не бидат нарекувани Шиптари, иако тој лично сметал дека нема ништо навредливо во тоа име, укажувајќи дека албанското население само така се нарекувало.[24]

Реорганизацијата на СДБ и промените во СКЈ имале големо влијание врз развојот на настаните во АПКиМ, едно од најмалку развиените подрачја во Југословенската Федерација. Мнозинското албанско население било незадоволно од политичките и од економските состојби, како и од уставниот статус на Покраината. IV Седница на ЦК на СКЈ предизвикала големи раздвижувања кај косовските Албанци, чие раководство на средбите со Ј. Б. Тито и со Е. Кардељ во 1967 година барало проширување на правата на Покраината. Разговорите не ги дале очекуваните резултати. Е. Кардељ истакнал дека по IV Седница веќе е направен значителен напредок во однос на положбата на Албанците.[25] Слабеењето на СДБ создало простор за разгорување на национализмот и за дејствување на групи поврзани со НР Албанија.[26] Органите за безбедност сигнализирале за постоење на интензивни активности за дестабилизација на Косово, посебно на Приштинскиот универзитет, но тоа било игнорирано од покраинското раководство.[27] На 27 ноември 1968 година, ден пред албанскиот национален празник, во Приштина, Гнилане, Урошевац и Подуево, групи демонстранти, меѓу кои и студенти и средношколци, го изразиле своето незадоволство од состојбите во АПКиМ, барале осамос-

[21] Црвенковски, 1966, 249.
[22] Ibidem, 250.
[23] Ibidem, 250–251.
[24] Црвенковски и Томовски, 2003, 583.
[25] Vuković, 1989, 91.
[26] Ibidem, 261.
[27] Ibidem.

тојување на Покраината и присоединување кон НР Албанија. Раководството не успеало со преговори да ги запре насилствата и безредијата, па дошло до интервенција на милицијата, при што повеќе лица биле повредени, едно лице загинало, а била направена и значителна материјална штета. Протестите продолжиле и следниот ден, но биле задушени по навлегувањето на единици на ЈНА во Приштина на 29 ноември.[28] Во наредниот период, косовското покраинско и српското републичко раководство вложиле напори за оневозможување на натамошните појави на меѓунационална нетрпеливост на Косово.[29]

Освен на Косово, албанското население изразило незадоволство и во СР Македонија, каде што зголемениот прилив на албанско население од АПКиМ во Македонија, карактеристичен за периодот по ослободувањето, довел до изразени демографски промени, посебно во северозападниот дел на републиката. Паралелно со зголемувањето на бројот на Албанците, кај кои бил изразен и мошне високиот наталитет, растел и нивниот иредентизам, а растела и меѓунационалната нетрпеливост. Покрај тоа, биле нагласени и албанските тенденции за асилимилација, односно за албанизација на Македонците-муслимани, во што имале не мал успех, при што значајна улога одиграле нивната вероисповед и недоволната заинтересираност и игнорантноста на власта кон овој дел од македонскиот народ.[30]

Активностите кај албанското население предизвикале реакции и кај македонскиот народ, а влошените меѓунационални односи се префрлиле и во СКМ. Тоа станало очигледно во текот на V Конгрес на СКМ, одржан од 18 до 20 ноември 1968 година, неколку дена пред албанските демонстрации на Косово. Имено, на Когресот, при изборот на членовите на новиот ЦК, во чиј состав биле планирани 45 членови, од 52 кандидати на избирачкиот список, најмал број гласови добиле припадниците на албанската и на турската националност и еден Македонец со невообичаено презиме, кое можеби на делегатите-избирачи им звучело како албанско.[31] Со цел да се избегнат заострувања на односите во СКМ и во републиката, укажувајќи на тоа дека националната структура на составот на новиот ЦК е нарушена, К. Црвенковски предложил во ЦК да влезат сите 52 кандидати, што било прифатено од делегатите.[32]

---

[28] Marković i Kržavac, 1985, 260.

[29] Perović, 1991, 82.

[30] Ачкоска, 2003, 325–327.

[31] Огњановски, 1990, 25.

[32] *Петти конгрес на СКМ* (*стенографски белешки и усвоени документи*), 1969, 523–524.

Дека ваквиот однос на членовите на Конгресот не бил без основа, покажал натамошниот развој на настаните. На 22 и на 23 декември, дошло до демонстрации на Албанците и во западниот дел од Македонија, посебно во Тетово и во Гостивар. Повод претставувало ограничувањето на правото на истакнување на албанско државно знаме. Низ паролите извикувани од демонстрантите, во кои доминирале барањата за приклучување на западниот дел од Македонија кон АПКиМ, очигледен бил иредентистичкиот карактер на демонстрациите.[33] Со оглед на тоа дека демонстрациите на АПКиМ и во Македонија се одвивале во краток временски интервал, неизбежна е констатацијата дека станува збор за усогласеност на активностите на албанските демонстранти, при што службите за безбедност, по косовските настани го забележале зголемениот број на лица од Косово во Македонија и нивната политичка агитација.[34] Во текот на демонстрациите, обидите на власта за преговори биле игнорирани, а била направена и материјална штета.[35] Сепак, по успешната интервенција на милицијата на 23 декември, демонстрациите биле задушени, при што биле преземени мерки против лицата одговорни за нивната организација и најактивните поддржувачи. Демонстрациите од 1968 година претставувале прва масовна појава на албанскиот национализам во повоената историја на Македонија.

Како резултат на настојувањата на покраинските раководства и, посебно, под притисок на меѓунационалните превирања, Сојузното собрание во декември 1968 година усвоило повеќе уставни амандмани (VIII-XIX). Меѓу нив, се издвојувале VII и XVII амандман со кои се прошириле правата на покраините, кои речиси во сè биле изедначени со републиките и добиле статус на конститутивни елементи на Федерацијата.[36] АПКиМ била преименувана во Социјалистичка Автономна Покраина Косово, а Автономната Покраина Војводина во Социјалистичка Автономна Покраина Војводина.

Осврнувајќи се кон овие настани, К. Црвенковски изразил извесно разбирање (иако не и прифаќање) за протестите на албанското население, гледајќи и на нив како на дел од процесот во кој Албанците настојувале да се изборат за поголема рамноправност во Југословенската Федерација, нагласувајќи дека протестите биле осудени од страна на

[33] Ачкоска, 2003,154.

[34] Велјановски, 2002, 215.

[35]Ibidem, 216.

[36] „Одлука за прогласување на Уставните амандмани“ *Службен лист на СФРЈ,* бр. 55, год. XXIV, Белград, 30.12.1968, 1293–1296.

прогресивните сили кај Албанците, и прилично анахроно и контроверзно, споредувајќи ги протестите со „македонскиот тероризам“ во дваесеттите години на минатиот век, за кој оценил дека бил многу посериозна појава.[37]

Црвенковски се изјаснил и во однос на истакнувањето на албанското знаме. Свесен дека тој чин може да се злоупотреби, тој на седница на ЦК на СКМ на 5 декември 1968 година, сепак, се заложил тоа слободно да се истакнува, но само како израз на рамноправноста на Албанците со другите народи и народности во Југословенската Федерација.[38]

Меѓутоа, најмногу негативни реакции К. Црвенковски доживеал по излагањето во Клубот на самоуправувачите, на трибината „Политички дијалози“ во Загреб, на 26 ноември 1970 година, а кое било поврзано со меѓунационалната рамноправност. Имено, тој изјавил: „Не гледам перспектива за развој на Србите во Хрватска и на Турците и Албанците во Македонија, ако тие бидат ангажирани на негирањето на хрватската, односно македонската државност. Напротив, ми се чини дека има доволно простор за полна рамноправност на Србите во Хрватска и на Албанците односно Турците во Македонија само тогаш ако, како што тоа го прават Србите во Хрватска, и Албанците и Турците во Македонија, не само да го респектираат развојот на националната државност во Хрватска, односно во Македонија, туку и да го поттикнуваат развојот на националната државност во Хрватска, односно Македонија. Инаку, со какво право може да се бара од еден народ (хрватски или македонски) единствени во Европа да се откажат од својата државност затоа да не се наруши рамноправноста на Србите во Хрватска, односно на Албанците и на Турците во Македонија.[39]

Оваа изјава, која следниот ден била пренесена од повеќе печатени медиуми, е протолкувана како омаловажување на српскиот народ и негово сведување на националност, преку изедначувањето со Албанците и Турците, во голема мерка ја одбележало неговата политичка кариера и станала повод кој послужил за упорна политичка и кулоарска кампања против него, која ќе се провлекува во текот на наредните години, сè до неговото сменување.[40] Таа, веројатно, претставувала своевидна ре-

---

[37] Црвенковски, 1971, 6–7.

[38] Филип, 1993, 131–132.

[39] Црвенковски, 1971, 34.

[40] К. Црвенковски укажува и на измислена анегдота според која прилепчани му испратиле албанско кече; Црвенковски и Томовски, 2003, 585.

акција на Црвенковски на сè поголемата сложеност на меѓунационалните односи во Македонија, односно во Федерацијата, имајќи ги во предвид демонстрациите на Албанците на Косово и во западниот дел од Македонија како израз на албанскиот сепаратизам од една, и појавите на великосрпскиот хегемонизам од друга страна.[41]

Од почетокот на седумдесеттите години се заострувал политичкиот судир на реформски ориентираните функционери и конзервативната струја кој се одвивал во СКЈ, при што конзервативците успеале да се наметнат, откако Ј. Б. Тито оценил дека натамошниот процес на демократизација би можел да ја загрози неговата водечка улога во партијата и во државата. Во овој период К. Црвенковски бил обвинуван за национализам и за либерализам, а недно бил прозван и за неговите изјави во врска со меѓунационалните односи. Во една таква дискусија, околу албанското знаме, К. Црвенковски изјавил: „Ние македонските комунисти тука континуирано полагаме испит на интернационализмот. Секој друг приод би било заварување. Тука се отпорите кои не се мали. Симболите се споредни. Во Југославија, кај југословенските народи е изгубено, во последно време секое чувство за химна, знаме, но кај Албанците не е. Всушност битката за рамноправност се изразува преку симболите. Оној кој сака да ги негира тие симболи се јавува во очите на тој народ како фактор кој ја попречува рамноправноста.“[42]

Сепак, судирот кој се одвивал на југословенската политичка сцена резултирал со смена на повеќе политичари од Хрватска, од Србија, од Словенија, како и од Македонија, меѓу кои бил и К. Црвенковски.[43] Имено,

---

[41] Радически, 88.

[42] Архивско одделение при Институтот за национална историја, Фонд Крсте Црвенковски, Изводи од седницата на Политичкиот актив на СРМ од 4 и 5 декември 1972 година, 20.

[43] Меѓу повидните сменети функционери, од кои некои СКЈ ги исклучил и од партиските редови биле Савка Дапчевиќ-Кучар претседател на ЦК на Сојузот на комунисти на Хрватска (СКХ), Мико Трипало, член на Извршното биро (ИБ) на ЦК на СКЈ, Перо Пиркер, секретар на Секретаријатот на ЦК на СКХ (од СР Хрватска), Марко Никезиќ, претседател на ЦК на Сојузот на комунисти на Србија (СКС), Латинка Перовиќ, секретар на Секретаријатот на ЦК на СКС, Мирко Чанадановиќ, секретар на Покраинскиот комитет на СК на Војводина, (од СР Србија), Стане Кавчич, претседател на Републичкиот извршен совет, Леополд Кресе, претседател на републичкото Собрание, Тоне Кропушек претседател на републичкиот Сојуз на синдикати (од СР Словенија) Славко Милосавлевски, секретар на Секретаријатот на ЦК на СКМ, Ќамуран Тахир, претседател на Градската конференција на СК на Скопје, Љупчо Арнаудовски, секретар на Градската конференција на СК на Скопје и член на

иако К. Црвенковски не бил сменет, по завршувањето на мандатот како член на Претседателството на СФРЈ неговиот политички ангажман престанал и тој не бил избран на никаква функција. Сѐ до последните години од постоењето на Југословенската Федерација бил политички изолиран.

Што се однесува до подоцнежниот период од животот, во некои интервјуа, разговори и публицистички трудови, К. Црвенковски се изјаснувал во однос на албанското прашање. Имено, тој оценил дека уставните решенија биле целосно задоволителни за Албанците на Косово, но дека политиката на српскиот лидер Слободан Милошевиќ, како и природниот прираст на албанското население, многу ги усложниле состојбите во покраината.[44] Во текот јануари 1991 година, за белградскиот неделник „Време“ изразил загриженост поради националистичката политика кај одделни партии со албански и македонски национален предзнак во Македонија.[45] Сметал дека европеизацијата на Балканскиот Полуостров, би можела да одигра клучна улога во оносте меѓу Албанците и соседните народи.[46]

К. Црвенковски претставува една од личностите, кои имале значителен придонес во креирањето на македонската политика, а на кои историската наука сѐ уште им нема посветено полно внимание. Неговата дејност и искуство, како учесник во НОАВМ, а подоцна како политички функционер во Македонија и во Југославија, кој активно учествувал во внатрешнополитичките процеси, но и (во рамките на можностите) во надворешната политика, придонесуваат кон важноста на неговото видување за албанското прашање во Македонија и во Југословенската Федерација.

---

Извршниот совет на СРМ, Томислав Чокревски, член во постојаниот дел од Конференцијата на СКМ (од СР Македонија) и др.

[44] Филип, 1993, 134.

[45] Црвенковски и Томовски, 2003, 474–475.

[46] Ibidem, 498.

# БИБЛИОГРАФИЈА


## НЕОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

Архивско одделение при Институтот за национална историја, Фонд Крсте Црвенковски, *Изводи од седницата на Политичкиот актив на СРМ од 4 и 5 декември 1972 година*

## ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

„Одлука за прогласување на Уставните амандмани“ *Службен лист на СФРЈ*, бр.55, год. XXIV, Белград, 30.12.1968.

*Осми конгрес на СКЈ.* Култура, Скопје, 1964

Petranović, Branko/Zečević, Momćilo. *Jugoslavija 1918–1988: tematska zbirka dokumenata.* Rad, Beograd, 1988.

*Петти конгрес на СКМ* (*стенографски белешки и усвоени документи*). Култура, Скопје, 1969.

## МОНОГРАФИИ И СТАТИИ

Ачкоска, Виолета. *Братството и единството 1944–1974: помеѓу хармонија и дисхармонија.* ИНИ, Скопје, 2003.

Bilandžić, Dušan. *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: glavni procesi.* Školska knjiga, Zagreb, 1979.

Bilandžić, Akademik Dušan. *Hrvatska moderna povijest.* Golden marketing, Zagreb, 1999.

Вељановски, Новица. *Македонија 1945 – 1991: државност и независност.* ИНИ, Скопје, 2002.

Vuković, Zdravko. *Od deformacija SDB do maspoka i liberalizma – moji stenografski zapisi 1966 – 1972. Godine.* Narodna knjiga, Beograd, 1989.

Животић, Александар. *Југославија, Албанија и велике силе*, Архипелаг, ИНИС, Београд, 2011.

Марјановић, Боривоје. *Алекдандар Ранковић Лека.* Књига-комерц, Београд, 2002.

Marković, Dragan/Kržavac, Savo. *Zašto su smenjivani.* Partizanska knjiga, Narodna knjiga, Beograd, 1985.

Perović, Latinka. *Zatvaranje kruga: ishod političkog rascepa u SKJ 1971/1972.* Svijetlost, Sarajevo, 1991.

Пиљак, Милан. „Брионски пленум 1966. године. Покушај историографског тумачења догађаја“, *Токови историје.* 1/2010, ИНИС, Београд, 73–95.

Радически, Невен. *Либерализмот во Македонија* (*1966-1974*). Македоника литера, Скопје, 2013.

Филип, Јован. *Подводни гребени на политиката.* Македонско радио, Скопје, 1993.

Црвенковски, Крсте/Томовски, Мирче. *Заробена вистина.* Култура, Скопје, 2003.

Црвенковски, Крсте. *Сојузот на комунистите и општеството.* НИП „Нова Македонија“, Скопје, 1966.

Црвенковски, Крсте. *Сојузот на комунистите на Македонија и демократизацијата на општеството.* Култура, Скопје, 1971.

Neven Radicheski
Institute of National History, Skopje

## KRSTE CRVENKOVSKI'S VIEWS ON THE ALBANIAN QUESTION IN MACEDONIA AND IN THE YUGOSLAV FEDERATION

(summary)

As a participant in the National Liberation and Anti-Fascist War of Macedonia who was also active in the western part of Macedonia, Krste Crvenkovski had the opportunity to become aware of the social, political and economic position of the Albanians in those areas. After the war, Krste Crvenkovski was among the most prominent Macedonian politicians in the Yugoslav Federation, and held high party and state positions, both in Macedonia and in Yugoslavia, which included the modern Macedonian state until its independence. Considering his experiences with the Albanians during the war, and his later active participation in Macedonian and Yugoslav politics, but also his competence as a careful observer of political situations and international relations after his removal in the seventies of the 20th century, the views of Krste Crvenkovski on the Albanian question have an important historical significance in the study of international relations in Macedonia and in the former Yugoslav Federation.